АФПЗРР

*АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

Состојба на вработените во АФПЗРР

- 285 систематизирани работни места
- вкупно 234 вработени + директор и заменик директор
    - 199 вработени на неопределено време (од кои 113 работат на ИПАРД и 3 во Секторот за ИТ)
    - 20 вработени на определено време (10 за ИПАРД, 3 во Секторот за ИКТ и 6 во секторот за одобрување на проекти на националните програми)
    - 15 вработени на договор за дело (за спроведување на Националните програми)
- 123 вработени кои работат на ИПАРД Програмата 2014-2020
    - 113 вработени на неопределено време
    - 10 вработени на определено време

Тековни постапки за вработување

- нема тековни постапки за нови вработувања

Унапредувања

- нема тековни постапки за нови унапредувања

Состојба на вработени по организациони единици за ИПАРД и потреби за нови вработувања согласно АОР 2021 година:

- табела во прилог

| ВКУПНА ТАБЕЛА - АФПЗРР | | |
|---|---|---|
| Сектор/одделение | Потребен број на вработени за ИПАРД за 2021 година | Моментален број на вработени кои работат на ИПАРД |
| Сектор за одобрување на проекти | 39.00 | 34 |
| Сектор за одобрување на исплата | 26.00 | 18 |
| Сектор за контрола на терен | 31.00 | 21 |
| Сектор за финансиски прашања | 13.00 | 13 |
| Сектор за внатрешна ревизија | 9.00 | 7 |
| Сектор за општи и правни работи | 14.00 | 14 |
| Сектор за регистри | 13.00 | 11 |
| Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот | 3.00 | 3 |
| Одделение за управување со човечки ресурси | 3.00 | 3 |
| ВКУПНО | 151.00 | 124.00 |

Согласно АОР 2021 година, во АФПЗР има потреба и од 30 унапредувања на постоечки административни државни службеници.

**Финансиски податоци поврзани со спроведувањето на ИПАРД програмата; особено состојбата со реализацијата на финансиските алокации за 2015, 2016 и 2017 година**

Вкупно превземените обврси од склучените договори за финансиска поддршка, од јавните повици 01/2017, 01/2018, 02/2018, 01/2019 и 02/2019 изнесува 33.798.698,77 € (ЕУ учество).
Земајќи ги во предвид финансиските алокации како и предфинансирањето побарано од страна на НАО и одобрено од ЕК, не постои ризик за губење на правото за користење на средства од финансиски години 2014, 2015, 2016 и 2017.

**Статус со акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура**

Во однос на акредитацијата на мерката рурална јавна инфраструктура договорени се следните активности со Националниот фонд и Телото за управување:

- реализација на потребните вработувања за реализација на оваа мерка до јули, 2019 година,
- реализација на основни обуки за оваа мерка (ПРАГ, измами/непревилности итн.) во периодот до септември, 2019 година (во зависност од расположливи стручни лица и средства преку TAIEX инструментот),
- и
- усогласување на постапките за работа за спроведување на мерката за рурална јавна инфраструктура со забелешките на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на Европската комисија до 15.09.2019 година.

**Статус во однос на имплементацијата на акредитираните мерки 1, 3 и 7**

Во текот на изминатиот период, АФПЗРР продолжи со евалуацијата на пристигнатите барања од мерката 7 во рамките на првиот објавен јавен повик 01/2019 и од мерката 3 од јавниот повик 02/2019.
Согласно измената на ИПАРД Програмата како и измената на законот за основање на АФПЗРР, е изменета и процедурата за работа на релевантните секториво склоп на Агенцијата и одобрна од страна на НАО и ЕК. Промената предвидува обработка само на комплетните апликации, додека некомплетните согласно листот на потребни документи прилог на јавниот повик, веднаш се отфрлаат.
Од погоре споменатите јавни повици, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој има потпишано 24 решенија за финансиска поддршка од мерка и 19 од мерка 3, процесот на обработка на барањата и склучување на договорите е сеуште во тек.

Вкупната финансиска поддршка за потпишаните договори во рамките на мерка 7 изнесува 1.846.251,83 € (ЕУ учеството 1.384.688,87 €). За мерка 3, вкупната финансиска поддршка на потпишаните договори изнесува 3.909.007,08 € (ЕУ учеството 2.931.755,31 €).

По извршената административната проверка, АФПЗРР донесе и 157 решенија за одбивање на барањето за мерка 7 и 9 решенија за одбивање за мерка 3.
Агенцијата објави јавен повик 01/2020 за поднесување на барања за финансиска поддршка од мерката 1 од ИПАРД Програмата 2014-2020 на 29.02.2020 кој беше отворен до 03.08.2020.

Главна причина за одбивање на барањата од сите 3 мерки е некомплетноста на барањата. Големое каснење во текот на обарботката на предметите причинува бавниот одговор од страна на Бирото за судски вештачења во процесот на одредување на оправданост на трошоците. Исто така, заради пандемијата од висрусот Covid-19, одзивот на компаниите кои беа контактирано во постапката на истражување на пазарните цени беше многу слаб. Големиот број на пристигнати апликации и недоволниот број на вработени, сеуште претставува едно од тесните грла во процесот на обработка на апликациите.

Во табелата подолу се детално наведени бројот на примени и бројот на обработени апликации.

**Информација за доставените барања од јавните повици**

Јавен повик 01/2019

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побарувaн износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на апликациите | Број на потпишани договори ( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка ( ЕУ учество) на потпишаните договори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 1 | 103 | 892.404,27 € | 50 | Incomplete applications | 11 | 29.865,00 € | 22.398,75 € |
| 7 | 2 | 23 | 3.050.807,57 € | 13 | | 1 | 297.718,00 € | 223.288,50 € |
| 7 | 3 | 75 | 26.009.749,89 € | 50 | | 8 | 1.462.170,00 € | 1.096.627,50 € |
| 7 | 4 | 1 | 31.863,36 € | 1 | | 0 | | - € |
| 7 | 5 | 8 | 64.583,08 € | 6 | | 1 | 10.614,00 € | 7.960,50 € |
| 7 | 6 | 10 | 2.887.858,04 € | 8 | | 0 | | - € |
| 7 | 7 | 40 | 10.492.062,69 € | 28 | | 3 | 45.885,00 € | 34.413,75 € |
| 7 | 8 | 1 | 455.042,91 € | 1 | | 0 | | - € |
| **Вкупно на 09.11.2020** | | 261 | 43.884.371,81 € | 157 | | 24 | 1.846.252,00 € | 1.384.689,00 € |

Јавен повик 02/2019

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на апликациите | Број на потпишани договори ( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка ( ЕУ учество) на потпишаните договори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 1 | 2 | 977.921,71 € | | Некомплетеност на апликациите | 1 | 813.252,00 € | 609.939,00 € |
| 3 | 2 | 9 | 902.131,31 € | 2 | | 6 | 444.227,00 € | 333.170,25 € |
| 3 | 3 | 35 | 8.204.008,00 € | 4 | | 6 | 1.186.046,00 € | 889.534,50 € |
| 3 | 4 | 5 | 1.861.695,11 € | 1 | | 3 | 82.365,00 € | 61.773,75 € |
| 3 | 6 | 10 | 4.817.982,38 € | 2 | | 3 | 1.383.116,00 € | 1.037.337,00 € |
| **Вкупно на 09.11.2020** | | 61 | 16.763.738,51 € | 9 | | 19 | 3.909.006,00 € | 2.931.754,50 € |

Во 2020 година Агенцијата објави еден јавен повик:

Јавен повик 01/2020

| Мерка | Сектор | Вкупен број на пристигнати барања | Побаруван износ во пристигнатите барања | Број на одбиени барања | Главна причина за одбивање на апликациите | Број на потпишани договори ( испратени решенија за одобрување на барањето) | Вкупен износ на финансиска поддршка (во евра) на потпишаните договори | Износ на финансиска поддршка ( ЕУ учество) на потпишаните договори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 1 | 728 | 14.130.491,00 € | 182 | Некомплетеност на апликациите | 0 | - € | - € |
| 1 | 2 | 16 | 5.560.360,00 € | 7 | | 0 | - € | - € |
| 1 | 3 | 3 | 1.319.200,00 € | 1 | | 0 | - € | - € |
| 1 | 4 | 1 | 2.162,00 € | 1 | | 0 | - € | - € |
| **Вкупно на 09.11.2020** | | 748 | 21.012.213,00 € | 191 | | 0 | - € | - € |

Вкупната побарана сума го надминува расположливиот буџет на јавниот повик 01/2020 (9,2 МУЕР вкупно јавни средства), постапката за рангирање ќе биде применета на соодветните апликации.

Агенцијата продолжи со склучување на договорите од јавните повици, од јавниот повик 01/2019 се планира да се заврши со контрактирање до Јануари/Февруари 2021, додека договорите од јавниот повик 02/2019 за мерката 3 се предвидува да се склучат во декември/јануари 2021 година. Овие датуми се индикативни, динамиката на контрактирање зависи многу од темпото на добивањето на референтни цени како и од евентиалните рестриктивните мерки кои што би можеле да бидат изречени со цел превенција од ширење на вирусот.

Досега се пристигнати 1419 барања за исплата и тоа за мерката Ивестиции во материјални средства за земјоделски стопанства
Вкупна барана сума 11.265.225,00 €.
Одобрени за исплата се 1113 барања во вкупен износ од околу 8.751.212 €.

Досега се пристигнати 55 барања за исплата и тоа за мерката Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи Вкупна барана сума 8.754.685,00 €.

Одобрени за исплата се 55 барања во вкупен износ од околу 7.860.500 €.

Пристигнати се и 14 барање за исплата и тоа за мерката 7 Диверзификација на фарми и развој на бизници. Вкупна барана сума 959.382,00 €

Одобрени за исплата се 10 барања во вкупен износ од околу 804.342,00 €.

**_Контроли на самото место (во 2020 година)_**

**_Контроли на терен – пред одобрување_**

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во 2020 година изврши вкупно 166 контроли на терен пред одобрување на проекти, за инвестиции од јавни повици 18/01, 18-02,19/01,19/02 and 20/01 за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*
*Со цел да се намали ризикот за КОВИД-19 Агенцијата направи измени во процедурите за извршување на контролите на терен за пред одобрување за мерка 1 за апликации/инвестиции кои вклучуваат набавка на земјоделска опрема и механизација. За овие инвестиции контролите на терен пред одобрување се заменети со административна верификација и проверка на декларираните податоци користејќи ги расположливите бази на податоци и регистри (ЕРЗС, СИЗП, ВИС, база на податоци за директните плаќања итн.). Оваа измена на процедурата беше одобрена од НАО на 30.06.2020 година и ќе се користи само за одреден тип на инвестиции и само за апликациите од јавниот повик 20/01.*

| Јавен повик 18/01 (Мерка 3) |
|---|
| 1 Ксм |
| Јавен повик 18/02 ( Мерка 1) |
| 4 Ксм |
| Јавен повик 19/01 ( Мерка 7) |
| 102 Ксм |
| Јавен повик 19/02 ( Мерка 3) |
| 52 Ксм |
| Јавен повик 20/01 (класична КСМ) – Мерка 1 |
| 7 КСМ |
| Јавен повик 20/01 (КСМ со изменета процедура) – Мерка 1 |

| *150 КСМ* | |
|---|---|
| Вкупен број на контроли | 316 КСМ |

***Контрола на терен – пред исплата***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во 2020 година изврши вкупно 485 контроли на терен пред исплата на инвестициите за јавните повици 17/01, 18/01 и 18/02 за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| *Јавен повик 17/01* |
|---|
| Мерка 1 - 8 КСМ |
| Мерка 3 - 1 КСМ |
| Мерка 7 - 5 КСМ |
| *Јавен повик 18/01 (Мерка 3)* |
| *22 КСМ* |

| *Јавен повик 18/02 (Мерка 1)* | |
|---|---|
| 449 КСМ | |
| **Вкупен број на контроли** | 485 КСМ |

***<u>Контроли на терен – после исплата</u>***

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во 2020 година изврши вкупно 374 контроли на терен после исплата на инвестициите за ИПАРД 1 Програмата 2007-2013 и за ИПАРД Програмата 2014-2020 година. Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.*

| *Контроли после исплата (ИПАРД 1 2007-2013)* | |
|---|---|
| <u>Мерка</u> | <u>Број на контроли по мерка</u> |
| 101 | 317 КСМ |
| 103 | 1 КСМ |
| 302 | 1 КСМ |
| *Контроли после исплата (ИПАРД 2 2014-2020)* | |
| 1 | 52 КСМ |
| 3 | 3 КСМ |
| **Вкупен број на контроли** | 374 КСМ |

*Контроли за скриени работи*

*Секторот за контрола на терен изврши вкупно 8 контроли за скриени работи: 2 КСМ за мерка 1, 1 КСМ за мерка 3 и 5 КСМ за мерка 7, јавни повици 17/01 и 18/01.*

Проблеми при извршување на контролите на терен поради ситуацијата со COVID-19

Неколку баратели и корисници беа во само-изолација заради изложеност од COVID-19, а и неколку контроли на терен беа одложени заради строги здравствени протоколи кај одредени баратели (фарми). Контролите на терен беа во одреден период редуцирани поради полицискиот час и скратените работни часови како резултат на Владините COVID-19 мерки. Во моментот сеуште се соочуваме со тешкотии во извршувањето на контролите (позитивни вработени, самоизолации итн.) што понекогаш резултира со пробивање на роковите за извршување на контролите на терен, но сепак засега тоа е мал број на предмети.